A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Република Северна Македонија

Општина Зрновци

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-243/1
06.04 2020 год.
ЗРНОВЦИ

**Прилог бр.___**

# *ОПЕРАТИВЕН ПЛАН*

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МЕРКАТА А

## ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД КОРОНА ВИРУСОТ КОВИД-19

# О П Е Р А Т И В Е Н   П Л А Н

ЗА

## ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД КОРОНА ВИРУСОТ КОВИД-19 НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Со овој план се опфааќаат мерките за заштита и спасување на луѓето кои се загрозени од корона вирусот КОВИД-19.

Оперативниот план за заштита и спасување од корона вирусот КОВИД-19 на територијата на Општина Зрновци содржи:

- потсетник за употреба на Оперативниот план за заштита и спасување од корона вирусот КОВИД-19;
- преглед н а превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување од корона вирусот КОВИД-19;
- преглед на бројот на загрозено население од КОВИД-19;
- преглед на единиците за заштита и спасување со план за употреба на истите;
- прогласување на кризна состојба на територијата на општина Зрновци;
- преглед на материјалните средства и други помагала кои се ангажираат во заштитата и спасувањето од КОВИД-

## ВОВЕД

На Територијата на општина Зрновци постојат 3 населени места од збиен тип : Зрновци , Child Мородвис и Видовиште

Подрачјето на општина Зрновци се наоѓа во источниот дел на Македонија, на трансверзалата која го поврзува Скопје - Велес - Штип - Кочани - Делчево со Р. Бугарија. Оддалечена е околу 8 км. од Кочани. Сместена е во падините на Плачковица, т.е. во зоната на српско- македонскиот масив, или старите Родопски планини. Трите населени места ( Зрновци, Видовиште и Мородвис ) се широко отворени кон р. Брегалница и Кочанското поле. Вкупната површина на општина Зрновци изнесува 51.764.076 м$^2$. По населени места таа изнесува:

**Зрновци**....................................28.482.894

**Мородвис...................................14.521.860 м$^2$**

**Видовиште**................................ 8.759.322 м$^2$

На територијата на општината живеат вкупно **3.264** жители **1105** домакинства, од кои **3.247** се македонци, **13** власи, **2** срби и **2** останати. Во Зрновци живеат **2221** жители **748** домакинства, во Мородвис **549** жители **183** домакинства и во Видовиште **494** жители **174** домакинства.

-Заради поуспешно справување со Корона вирусот КОВИД-19 СОГЛАСНОСТ Уредбата бр.44-2494/1 од 27 Март 2020 год според член 2 се формира КОРДИНАТРИВНО ТЕЛО кое го сочинуваат главен кординатор, заменик на главниот кординатор и 12 члена со решение бр.09-230/2 од 18.03.2020 година

1.Блаже Станков- главен кординатор

2.Методи Николов-заменик кординатор

3.Александра Серафимова-Дирекција за заштита и спасување-ПОЗС-Кочани

4.Борче Коцев-Командир на судска полиција-Кочани

5.Дарко Стојков-ПОЗС-Виница

6.Владо Ристов-Претседател на Советот на Општина Зрновци

7.Јохан Георгиев-член за Советот на Општина Зрновци

8.Славчо Гиздовски- член за Советот на Општина Зрновци

9.Александра Кокева- Општа болница Кочани

10.Горан Кокев-Директор на КЈП Водна Кула Зрновци

11.Кирчо Георгиев-Директор на ОУ Синиша Стоилов,Зрновци

12.Виктор Анакиев -УЈП Штип

13.Гоце Нацев-МВР ПС Кочани

# ПРЕГЛЕД

## НА ПРЕВЕНТИВНИ И ОПЕРАТИВНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД КОРОНА ВИРУСОТ КОВИД-19

### 1. ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

***а)цели за превентивна заштита***

-соработка со МВР-ПС Кочани;

-соработка со Центар за јавно здравје Кочани;

-соработка со КЈП Водна кула- Зрновци

- благовремено информирање за лица кои што се дојдени од земјите со висок и среден ризик на КОВИД-19 според листата на СЗО

-информирање на граѓаните за придржување и Спроведување на мерките и препораките на Владата на РСМ

-информирање на граѓаните за превземање на оперативните мерките од страна на Кординативното тело на Општина Зрновци објавени на веб страната на Општина Зрновци

***б) мерки за релизирање на целите***

-дезинфекција на улиците,тротоаритеи јавните површини на територијата на Општина Зрновци

- набавка на заштитни маски и ракавици и средстава за дезинфекција

- јавен повик до правните и физичките лица за снабдување на средство за дезинфекција за дезинфецирање на нивните објекти и дворни места

-јавните превозници и авто такси превозниците да вршат редовно дезинфекција на нивните возила и носење на заштитни маски и ракавици

-во сите маркети и продавници на подрачјето на о.Зрновци да имаат средства за дезинфекција на влезовите и вработените да носат заштитни маски и ракавици и запазување на редот и пред маркетите и продавниците да не се ствара гужва

-затварање на пазарот во Општина Зрновци за време на траење на вонредната состојба во РСМ

## 2. ОПЕРАТИВНИ МЕРКИ

-редовно одржување на состаноци на Кординативното тело за одлучување на оперативните мерки кои ќе бидат превземани на територијата на Општина Зрновци

-секојдневно вршење на дезинфекција на тротоарите и јавните површини и одржување на хигиена на територијата на оштината во соработка со КЈП Водна кула-Зрновци, кои дезинфекцијата ја вршат вработените во КЈП Водна Кула со следната механизација : трактор со прикачена пумпа за распраскување од 300л со раствор хлор и вода процентуално на 1000л вода 150мл хлор по препорака на АД КОМ Здружение на комунални јавни претпријатиа со пресметка од ЈП Комуналец-Струмица .

- јавен повик и апел до населението на територијата на о.Зрновци за подигнување на раствор за дезинфекција и вршење двапати неделно дезинфекција на нивните дворни места во кои активно учествуваа и членовите на Кординативното тело

-Апел до правните лица на подрачјето на општината за редовна дезинфекција на нивните објекти и набавување на заштитни маски и ракавици на вработените во претпријатијата

-Поставување на дезинфекциони корита на влезот на Општина Зрновци од северната страна, со што ќе се врши дезинфекција на сите возила кои ќе влегуваат на територијата на општината со апел за редуцирано движење и соработка со МВР ПС-Кочани

-соработка со ПЗО "ДР Александра Гацова" на подрачјето на о.Зрновци

-Општина Зрновци во моментот не работи со странки но за сите битни и неодложни работи, достапни се телефонските броеви на раководните лица во општината за контактрирање и решавање на неодложните и итни работи

-соработка со МВР ПС-Кочани и Центарот за јавно здравје Кочани за добивање на ажурирани податоци на лица кои имаат влез од високо и средно ризичните држави според СЗО на територијата на општината и ажуриран список на лица кои се наоѓаат во самоизолација

- разгледување на алтернативни можности во случај на ширење на корона вирусот КОВИД-19 на територијата на Општина Зрновци за изолација на лицата кои пристигнуваат надвор од државата, општината да адаптира простории за прифаќање на тие лица.

## 3. ПРЕГЛЕД НА ЗАГРОЗЕНО НАСЕЛЕНИЕ ОД КОВИД-19

-Соработка со МВР ПС-Кочани за доставување на ажурирани податоци на лица кои пристигнуваат на територијата од земјите од високо и средно ризични земји на КОВИД-19 според СЗО.

-Соработка со Центарот за Јавно здравје-Кочани за добивање на список со лица кои треба да бидат во самоизолација

## 4. ПРЕГЛЕД НА ЕДИНИЦИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ И УПОТРЕБА НА ИСТИТЕ

-Општина Зрновци не располага со единици за заштита и спасување од КОВИД-19, но доколку има потреба за ангажирање Општина Зрновци соработува со:

-ЦЈЗ Кочани

-Црвен крст Кочани

-ЈЗО Општа болница Кочани

-ТППЕ Кочани

## 5. ПРОГЛАСУВАЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

-Во соработка со Центарот за Јавно здравје Кочани и Кординативното тел на општината за заштита и спасување од КОВИД -19 доколку се констатира дека има потреба за прогласување на кризна состојба на територијата на општина Зрновци, по барање на градоначалникот Владата на Република Северна Македонија донесува одлука за прогласување Кризна состојба .

## 6.ПРЕГЛЕД НА МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА И ДРУГИ ПОМАГАЛА КОИ СЕ АНГАЖИРААТ ВО ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД КОВИД-19

-Доколку има потреба за дополнителни материјални и превозни средства за справување со корона вирусот КОВИД-19, по барање на Општина Зрновци правните субјекти на територијата на општината доколку располагаат со истите ги отстапуваат на општината.

ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

Градоначалник

Блаже Станков

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ЗРНОВЦИ ЗРНОВЦИ